# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

17 септември 2024 | Излегува по потреба | Година XIX | број 18



Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ВО ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО, ЗА ИНВЕСТИЦИОНО, ТЕКОВНОТО ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТ ЗА СПОРТ ОД ЛОКАЛНО ЗНАЧЕЊЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА "СПОРТСКА САЛА ПРИ ООУ "НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ"**

1. Се објавува Одлуката за избор на најповолна понуда во постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за инвестиционо, тековното одржување и користење на објект за спорт од локално значење во сопственост на општина Гази Баба "Спортска сала при ООУ "Наум Наумовски - Борче", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 17 септември 2024 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5185/1**
**од 17 септември 2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 15-г, член 21-а и член 40 став (4) од Законот за концесии и јавно приватно партнерство ("Службен весник на РМ" бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и "Службен весник на РСМ" бр.153/19, 261/19, 89/22, 65/23 и 147/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на четириесет и седмата седница одржана на 17 септември 2024 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ВО ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО, ЗА ИНВЕСТИЦИОНО, ТЕКОВНОТО ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТ ЗА СПОРТ ОД ЛОКАЛНО ЗНАЧЕЊЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА "СПОРТСКА САЛА ПРИ ООУ "НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ"

### Член 1

(1) По објавениот оглас на ЕСЈН бр.12489/2024, за најповолна понуда во постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за инвестиционо, тековното одржување и користење на објект за спорт од локално значење во сопственост на општина Гази Баба "Спортска сала при ООУ "Наум Наумовски - Борче", согласно извештајот бр.26-4857/2 од 16.09.2024 година за спроведена постапка, се избира понудата на понудувачот:

**Акционерско друштво Кошаркарски клуб ФЕНИКС 2010 Скопје**
**(како носител на групна понуда)**

(2) На електронската аукција одржана на 12.09.2024 година на Електронскиот систем за електронска аукција (ЕСЕА) воспоставен во Министерството за економија, понудувачот како најниска цена за инвестиционо, тековното одржување и користење на објект за спорт од локално значење во сопственост на општина Гази Баба "Спортска сала при ООУ "Наум Наумовски - Борче", ја потврди конечната цена од 18.500.000 денари.

### Член 2

Одлуката да се достави до учесникот во постапката (понудувачот) и секторот за финансиски прашања - одделение за координација на јавните набавки.

### Член 3

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба, да го склучи договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство со најповолниот понудувач, избран со оваа одлука.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5116/3**
**од 17 септември 2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ВО ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО, ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ФИНАНСИРАЊЕ, ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за избор на најповолна понуда во постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за проектирање, финансирање, изградба и стопанисување на систем за јавно осветлување во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 17 септември 2024 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5185/2**
**од 17 септември 2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 15-г, член 21-а и член 40 став (4) од Законот за концесии и јавно приватно партнерство (''Службен весник на РМ'' бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и ''Службен весник на РСМ'' бр.153/19, 261/19, 89/22, 65/23 и 147/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на четириесет и седмата седница одржана на 17 септември 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ВО ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО, ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ФИНАНСИРАЊЕ, ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

(1) По објавениот оглас на ЕСЈН бр.12486/2024, за најповолна понуда во постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за проектирање, финансирање, изградба и стопанисување на систем за јавно осветлување во Општина Гази Баба, согласно извештајот бр.26-4859/2 од 16.09.2024 година за спроведена постапка, се избира понудата на понудувачот:

**Друштво за производство, трговија и транспорт на стоки Ј.Е.С.ГЛОБАЛ ДООЕЛ експорт - импорт Скопје**

(2) На електронската аукција одржана на 11.09.2024 година на Електронскиот систем за електронска аукција (ЕСЕА) воспоставен во Министерството за економија, понудувачот како најниска цена за проектирање, финансирање, изградба и стопанисување на систем за јавно осветлување во Општина Гази Баба, ја достави конечната цена од 35,53% од вкупната комунална такса за јавно осветлување, приход на Општина Гази Баба.

**Член 2**

Одлуката да се достави до учесникот во постапката (понудувачот) и секторот за финансиски прашања - одделение за координација на јавните набавки.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба, да го склучи договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство со најповолниот понудувач, избран со оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-5116/4**
**од 17 септември 2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИСКА
ПОДДРШКА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА
ЗА ХРАНА, УГОСТИТЕЛСТВО, ТУРИЗАМ И КУЛТУРА
"ВКУСОВИТЕ НА ГАЗИ БАБА"**

1. Се објавува Правилникот за изменување на Правилникот за финансиска поддршка за организација на манифестацијата за храна, угостителство, туризам и култура "Вкусовите на Гази Баба", што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 17 септември 2024 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5185/3**
**од 17 септември 2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), во согласност со Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2024 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.19/23 и 13/14), Советот на Општина Гази Баба на четириесет и седмата седница одржана на 17 септември 2024 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА ЗА ХРАНА, УГОСТИТЕЛСТВО, ТУРИЗАМ И КУЛТУРА "ВКУСОВИТЕ НА ГАЗИ БАБА"**

**Член 1**

Во Правилникот за финансиска поддршка за организација на манифестацијата за храна, угостителство, туризам и култура "Вкусовите на Гази Баба" ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.8/23 и 11/23), член 2 се менува и гласи:

"(1) Финансиските средства од член 1 на овој правилник се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба, Програма за јавни дејности, во износ од 500.000,00 денари.

(2) Средствата се однесуваат за 2024 година. Користењето на доделените средства ќе биде регулирано согласно потпишан договор со Општина Гази Баба."

**Член 2**

Во член 3 ставовите (2) и (3) се менуваат и гласат:

"(2) Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Гази Баба.

(3) Јавниот повик ќе се објави во тековната година."

**Член 3**

Во член 4 точка 3 - "Услови за организација на манифестацијата", се менува и гласи:

"

a. Учесниците да имаат обезбеден соодветен сертификат за приготвување и продажба на храна на отворено;
b. Искуство во организација и координација на фестивали од отворен карактер, најмалку пет години (доказ склучени договори и слично);
c. Време на одржување ќе биде два дена во периодот септември - октомври тековната година (во консултација со Општина Гази Баба);
d. Локација: Атрактивни локации во Општина Гази Баба (плоштад Автокоманда или плоштад Коцка во Автокоманда, или во договор со Општина Гази Баба);
e. Инфраструктура: (во договор со Општина Гази Баба ):
    i. електрична инсталација,
    ii. соодветно озвучување и осветлување според локацијата и објектите,
    iii. обезбедено одржување на хигиена во соработка со ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје и ЈП "Комунална хигиена" - Скопје,
    iv. соодветен број на подвижни тоалети (тои-фори) според бројот на очекуваните гости;

v. обезбедување на соодветна активна анимација на фестивалот по програмата на фестивалот (краток нацрт на проект со идеи),
vi. поседување на соодветна опрема за логистика на фестивалот,
**vii. Напомена: Соодветната музичка опрема за исполнување на музичката програма на фестивалот, како и бината каде ќе биде презентирани музичката програма ќе биде обезбедена од страна на Општина Гази Баба;**
viii. Останати инфраструктурни елементи кои ќе бидат предложени од страна на реализаторот и излагачите;
ix. Обезбедување (во договор со Општина Гази Баба и МВР);
x. Ангажирање на агенција за одржување на јавниот ред во општина Гази Баба;
xi. Обезбедување на соодветен нацрт-графички предлог за пропагандниот материјал на фестивалот (плакат, флаер, брошура, плакета, благодарница);
xii. Водење на посебна евиденција на документи на приходите и трошоците околу организацијата на манифестацијата која по завршувањето на манифестацијата ќе биде предадена на Општина Гази Баба;

f. **Содржини**:

i. Да понуди листа за соработка со учесниците на манифестацијата и да склучи договор со сите учесници;
ii. Манифестацијата да биде дестинација за презентација на разновидни гурмански специјалитети од странски и домашни кујни придружено со обилно количество на пиво обезбедено од најголемите домашни пиварници, континуирана забава со музика, продажба на ракотворби, уметнички креации (понуди соработка занаетчии-ракотворци) и забавни настапи
iii. Да организира master chef подготовка на три автентични кулинарски специјалитети со реномирани шефови на кујната;
iv. Покана до останати презентери на кулинарството (ресторани, пицерии, гостилници, кафеани и сл.);
v. Покана за учество на реномирани музичари и бендови;
vi. Расчистување на локацијата и враќање во состојбата како пред нејзината употреба во соработка со ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје и ЈП "Комунална хигиена" - Скопје;
vii. Манифестацијата да биде дестинација за презентација на разновидни гурмански специјалитети од странски и домашни кујни."

**Член 4**

Во член 4 точка 4 се менува и гласи:

"Вкупниот буџет за оваа финансиска поддршка изнесува 500.000,00 (петстотиниилјади) денари."

**Член 5**

Во член 5 ставот (2) се менува и гласи:

"Комисијата од став 1 на овој член е составена од претседател - претставник од секторот за поддршка на градоначалникот и јавни дејности, член претставник од секторот за правни и општи работи и член претставник од секторот за финансиски прашања во Општина Гази Баба."

**Член 6**

Во член 7 ставот (2) се менува и гласи:

''Апликантите бараната документација треба да ја достави на следниот начин:

- Бараните документи треба да се пополнети на македонски јазик и достават во печатена форма, и електронска форма на CD во PDF формат, до архива на општина Гази Баба, ул.Архимедова бр.2.
- Електронската верзија на докуметацијата треба да се достави и на следната e-mail адреса: contact@gazibaba.gov.mk.''

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5116/5**
**од 17 септември 2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
Сектор за урбанизам и градежно земјиште
Одделение за урбанистичко планирање
Бр.28–3/959/7 од 30.08.2024 година
**СКОПЈЕ**

**ПРЕДМЕТ: Потврда за одобрување на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште со намена Г2.3-Индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси – Лесна фармацевтска индустрија, за разработка на ГП 1.13 од ДУП Источна Индустриска Зона, Блок 1 и Блок 2, Општина Гази Баба - Скопје**

Согласно член 62, став 7 и став 10, од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/2020 и бр.111/2023), се одобрува **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште со намена Г2.3-Индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси – Лесна фармацевтска индустрија, за разработка на ГП 1.13 од ДУП Источна Индустриска Зона, Блок 1 и Блок 2, Општина Гази Баба - Скопје**, со тех. бр.14/24-У од август 2024 година со површина на проектен опфат од 1.180м² (0,12ха), изработен од Друштво за проектирање, ревизија и надзор “ЗУМ ПРОЕКТ” ДОО Скопје, доставен преку информациски систем за е-урбанизам број на постапка бр. 59498.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

Бобан Стефковски

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за избор на најповолна понуда во постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за инвестиционо, тековното одржување и користење на објект за спорт од локално значење во сопственост на општина Гази Баба "Спортска сала при ООУ "Наум Наумовски - Борче" . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .2

**ОДЛУКА** за избор на најповолна понуда во постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за проектирање, финансирање, изградба и стопанисување на систем за јавно осветлување во Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .4

**ПРАВИЛНИК** за изменување на Правилникот за финансиска поддршка за организација на манифестацијата за храна, угостителство, туризам и култура "Вкусовите на Гази Баба" . . . . . . . .6

**ОБЈАВИ** од сектор урбанизам и градежно земјиште . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . . . . . . .9

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.18/24**
**47 седница**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци